
ДЕТИЊСТВО
CHILDHOOD
2021/02
Међународни центар књижевности за децу
ЗМАЈЕВЕ ДЕЧЈЕ ИГРЕ

ДЕТИЊСТВО
CHILDHOOD
Часопис о књижевности за децу
Година XLVII, бр. 2,
пролеће 2021.

*Издавач*
Међународни центар
књижевности за децу
ЗМАЈЕВЕ ДЕЧЈЕ ИГРЕ
Нови Сад, Змај Јовина 26/II
Тел. (021) 66-11-266, 66-13-648
E-mail: zdigre@gmail.com
www.zmajevedecjeigre.org.rs

*За издавача*
Душица Мариновић, директорка

*Главне и одговорне уреднице*
Др Зорана Опачић
(бројеви 1 и 2)
Др Снежана Шаранчић Чутура
(бројеви 3 и 4)

*Секретарица редакције*
Мс Ивана Мијић Немет

*Лекторка и коректорка*
Светлана Зејак

*Превод, лектура и коректура текстова на енглеском језику*
Весна Савић

*Ликовно решење корица*
Паулина Станко

*Графичка уредница*
Весна Карајовић

*Прелом*
NEO KONS, Нови Сад

*Штампа*
ZACK, Петроварадин

Часопис излази тромесечно

Цена овог броја: 500,00 динара

# САДРЖАЈ

## ТЕМАТ: ЖАНРОВИ КЊИЖЕВНОСТИ ЗА ДЕЦУ И *ЖАНРОВСКА* КЊИЖЕВНОСТ – НОВА ЖАНРОВСКА ИСТРАЖИВАЊА (II)

### НОВА ЧИТАЊА ФАНТАСТИКЕ И НАУЧНЕ ФАНТАСТИКЕ

**Тијана Д. Тропин**, *Одведи ме своме вођи*: укрштање жанрова и родова у причама за децу Владе Стојиљковића ........ 7

**Kristina S. Slunjski**, Fantastični elementi u serijalu *Warrior Cats* i međuodnos romana i popularne kulture ........ 17

**Милена С. Зорић** и **Љиљана Ж. Пешикан-Љуштановић**, Нељудска и надљудска бића у фантастичном роману за децу – на примеру трилогије Мине Д. Тодоровић ........ 28

**Јованка Д. Денкова**, Еден нов научно-фантастичен роман за млади или за ослободувањето на ѕверот во нас како нов начин за опстанок ........ 40

**Јелена З. Стефановић** и **Саша П. Гламочак**, Поигравање жанровским карактеристикама епске фантастике у роману *Искорењена* Наоми Новик ........ 53

**Игор Д. Петровић**, Од традиционалног авантуристичког романа до дистопије: *Господар мува* Вилијама Голдинга ........ 63

**Биљана Т. Петровић**, Мотив амфибије у романима *Човек-амфибија* Александра Бељајева и *Аквамарин* Андреаса Ешбаха ........ 71

### НОВА ЧИТАЊА ДРАМЕ

**Ивана С. Игњатов Поповић**, Специфичност ликова и структура драмске бајке *Пепељуга* Живојина Вукадиновића ........ 83

**Сашо Т. Огненовски**, Идејно-тематска и мотивска определења македонских драма за децу и нихова рецепција ........ 94

ТЕРАПЕУТСКА КЊИЖЕВНОСТ

**Јелена П. Вељковић Мекић**, Структура и семантика *Лековитих прича за лакше и срећније одрастање* ..... 111

**Maja S. Verdonik i Martina A. Tušek**, Terapeutske priče i dječja književnost ..... 124

**Brajesh Kumar Gupta "Mewadev"**, Children's literature and education in awareful society ..... 131

ОГЛЕДАЛО КРИТИКЕ

**Јулијана С. Деспотовић**, Нови прилози проучавању књижевности за децу (*Књижевност за децу у науци и настави* – Зборник радова са научног скупа одржаног у Јагодини 9–10. маја 2019, Факултет педагошких наука Универзитета у Крагујевцу, Јагодина, 2020) ..... 137

**Снежана М. Павловић Богојевић**, *Слова на струју* – часопис у којем се срећу прошлост и будућност ..... 142



Овај број часописа *Детињство* финансијски су подржали:

Министарство културе
и информисања Републике Србије

Покрајински секретаријат
за културу, јавно информисање
и односе са верским заједницама
АП Војводине

Градска управа за културу
Града Новог Сада

Часопис *Детињство* објављује се
уз сарадњу са Учитељским
факултетом Универзитета
у Београду

**UREĐIVAČKI ODBOR ČASOPISA „DETINJSTVO“**
dr **Vladislava Gordić Petković**, redovni profesor Filozofskog fakulteta Univerziteta u Novom Sadu
dr T**amara Grujić**, profesor strukovnih studija na Visokoj školi strukovnih studija za obrazovanje vaspitača u Kikindi
dr hab. **Justyna Deszcz-Tryhubczak**, profesor nadzwyczajny, Instytut Filologii Angielskiej, Uniwersytet Wroclawski, Polska
dr. sc. **Dragica Dragun**, vanredni profesor Filozofskog fakulteta Sveučilišta Josipa Jurja Strossmayera u Osijeku, Republika Hrvatska
dr. sc. **Tihomir Engler**, docent Filozofskog fakulteta Sveučilišta Josipa Jurja Strossmayera u Osijeku, Republika Hrvatska
Ph.D. **Eugene Y. Evasco**, Associate Professor, Department of Filipino and Philippine Literature, College of Arts and Letters, University of the Philippines-Diliman, Manila, Philippines
dr **Ivana Ignjatov Popović**, profesor strukovnih studija na Visokoj školi strukovnih studija za obrazovanje vaspitača u Novom Sadu
dr **Vanessa Joosen**, Hoofddocent Engelstalige literatuur en Jeugdliteratuur, Universiteit Antwerpen, België
mr **Mirjana Karanović**, viši stručni saradnik u Matici srpskoj u Novom Sadu
dr **Anna Kérchy**, Associate Professor at the English Department of the University of Szeged, Hungary
dr. sc. **Andrijana Kos-Lajtman**, vanredni professor Učiteljskog fakulteta (odeljenje u Čakovcu) Univerziteta u Zagrebu, Republika Hrvatska
dr **Weronika Kostecka**, adiunkt, Zakład Literatury Popularnej, Dziecięcej i Młodzieżowej, Instytut Literatury Polskiej, Warszawa, Polska
dr **Jelena Panić Maraš**, vanredni profesor Učiteljskog fakulteta u Beogradu
dr. sc. **Sanja Roić**, redovni profesor Filozofskog fakulteta Sveučilišta u Zagrebu, Republika Hrvatska
dr. **Igor Saksida**, redovni profesor Pedagoškog fakulteta Univerziteta u Ljubljani, Republika Slovenija
dr **Tijana Tropin**, naučni saradnik Instituta za književnost i umetnost u Beogradu
dr. sc. **Marijana Hameršak**, viša znanstvena suradnica Instituta za etnologiju i folkloristiku u Zagrebu Republika Hrvatska
dr **Valentina Hamović**, vanredni profesor Učiteljskog fakulteta u Beogradu

Јованка Д. ДЕНКОВА*
Универзитет „Гоце Делчев"
Филолошки факултет Штип
Ребулика Северна Македонија

Оригинални научни рад
UDC 821.163.3-93-31.09
Примљено: 10. 12. 2020.
Прихваћено: 13. 3. 2021.

# ЕДЕН НОВ НАУЧНО-ФАНТАСТИЧЕН РОМАН ЗА МЛАДИ ИЛИ ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕТО НА ЅВЕРОТ ВО НАС КАКО НОВ НАЧИН ЗА ОПСТАНОК

САЖЕТАК: Секогаш радува фактот кога во етерот на книжевноста за деца и млади ќе се појави автор кој се свртува кој еден, по малку дефицитарен жанр – научната фантастика. Во оваа статија ќе се осврнеме кон еден новообјавен роман за деца и млади во македонската научно-фантастична литература за деца и млади. Најпрвин, ќе се утврдат основните постулати на научната фантастика како жанр, по што ќе се премине кон анализа на научнофантастичните елементи во романот „Архангел: ослободување на ѕверот" од младиот македонски автор Даниел Бибовски. Ќе се обидеме да одговориме на прашањето колку Бибовски се придржувал до основните постулати на европската и светка научна фантастика, и кои се особеностите на овој негов роман. Тоа ќе се реализира со ексцерпција на соодветните делови од текстот на романот и нивна анализа.
Клучни зборови: научна фантастика, книжевност за деца и млади, Даниел Бибовски.

## 1. ДЕФИНИРАЊЕ НА ЖАНРОТ НАУЧНА ФАНТАСТИКА

Постојат повеќе дефиниции за жанрот научна фантастика. Златко Теодосиевски зборувајќи за фантастиката и научната фантастика во сликарството, ќе даде ваква дефиниција за научната фантастика: „Во најопшти црти, поимот научна фантастика вообичаено подразбира занимавање со измислени или вистинити научни достигнувања и нивното благотворно или погубно дејство врз човекот-цивилизацијата. Или пошироко, научната фантастика претставува проникнување на имагинативното и научното, антиципацијата на иднината, футуролошки претсказанија и „чудесни патувања" итн (Теодосиевски 1989:53).

Петар Волнаровски, пак, се осврнува на три важни карактеристики на жанрот научна фантастика. Најпрвин, тој зборува за својството *условност*, а потоа за - научност и плаузибилност. За првото својство, условност претходно стана збор: „...научната фантастика секогаш креира такви светови што претставуваат можни иднини, односно можни реалности и настојува во своите дела да остане доследна на начелото за веројатнот и нужност на реалниот свет, во што се состои и суштината на „условниот" модел. Од овој агол, сосем е занемарливо дали некоја замислена идност во научно-фантастичното дело ќе се поклопи во вистинската, претстоечка иднина". Понатаму, Волнаровски зборува и за второто својство/карактеристика на научната фантастика -

*научноста.* Имено, тој истакнува дека постојат неколку вида ситуации во врска со ова својство: кога *научното* е само средство ... во ситуација во чии рамки од ликовите и од драмското дејствие ќе се извлече докрај саканиот ефект, како дооформување и интензивирање на заплетот, обогатување на значенско-питорескниот слој, онеобичувањето (зачудувањето) да се стави на едно поостро чувствување низ хронотопот и др. Во друг случај, *научниот* елемент стои како една „background“ ситуација, која од своја страна повторно влече последици, било од семантичка, било од наративна природа. ...Значи, *научноста* на жанрот стои како уште една differentia specifica, која ја разликува од другите фантастични прози, покрај *условноста*. Истовремено, во тесна врска со научноста, Волнаровски го поставува и третото својство на научната фантастика - *плаузибилноста.* ..„Во прашање е едно посебно својство, карактеристично за научната фантастика (Волнаровски 1995: 43). ...„Која било поставка од научно-техничка природа изнесена во научно-фантастичното дело, ќе биде плаузибилна ако може да се доведе во склоп со научното знаење, но не во смисла таа претпоставка да може да се постави во оние простори во кои науката сѐ уште не завладеала, а да не дојде до контрадикторност со веќе познатите научни факти. Плаузибилноста не е можност нешто да биде научно потврдено, туку првенствено - неможност да биде побиено од страна на познатата наука“... (Nedeljković 1987:83)

## 2. ПОЈАВА НА НАУЧНАТА ФАНТАСТИКА ВО МАКЕДОНСКАТА КНИЖЕВНОСТ ЗА ДЕЦА И МЛАДИ

Појавата и развојот на жанрот научна фантастика во македонската литература за деца и млади се поврзува со периодот по ослободувањето, при што НФ имаше отежнат развој и долго време се сметаше за дефицитарен жанр. Токму затоа и ова истражување ќе биде свртено кон карактеристиките на научната фантастика во повоената македонска проза за деца и млади. Затоа, на почеток, со причина би можело да се постави прашањето: што се подразбира под изразот "научна фантастика за деца и млади"? Поголемиот број теоретичари на литературата се согласуваат со тврдењето дека под поимот "научно-фантастична литература" најчесто се подразбираат прозни дела (романи и раскази) во кои се опишуваат измислени и хиперболизирани научни откритија кои му помагаат на човештвото и на неговиот напредок или, пак, му се закануваат на човечкиот род со различни видови опасности за неговиот опстанок. Настаните кои ги опишува едно научно-фантастично дело можат да се случуваат во иднината, на нашата планета, но многу често тие опишуваат и други простори, други планети кон кои се патува со

превозни средства кои не постојат, а кои се зародени во фантазијата на писателите поради напредокот на космонаутиката (Владова 2001: 89-95).

Во македонската литература, воопшто, опусот на научно-фантастични дела не е обемен и овде го наведуваме поголемиот дел од нив, вклучувајќи ги и оние НФ дела кои се наменети и за возрасни, но нив не би можеле да ги сметаме како НФ литература за деца и млади и со таа цел ќе бидат болдирани (подвлечени): 1959 - Лазо Наумовски: „Големата авантура“ (второ издание 1963); 1966 - Љубомир Донски: „Враќање од пеколот“; 1972 - Пени Трпковски: „Далечно патување“; 1977 - Стојмир Симјановски: „Ацела“; 1980 - Стојмир Симјановски: „Двојната Ева“; 1981 - Стојмир Симјановски: „Ќерката на ѕвездите“; 1959 - Лазо Наумовски: „Големата авантура“ (второ издание 1963); 1966 - Љубомир Донски: „Враќање од пеколот“; 1972 - Пени Трпковски: „Далечно патување“; 1977 - Стојмир Симјановски: „Ацела“; 1980 - Стојмир Симјановски: „Двојната Ева“; 1981 - Стојмир Симјановски: „Ќерката на ѕвездите“; 1984- Глигор Поповски: „Роботград“; 1988 - Лилјана Белева: „Планетата Окталз“; 1988 - Томе Арсовски: „Зена – ќерка на ѕвездите“; 1989 - Томе Арсовски: „Арис или прва љубов“; 1995 - Петар Волнаровски: „Граница“; 1998 - Томе Арсовски: „Кристална планета“; 1999 - Велко Неделковски: „Вечниот Таниз“; 2001 - Лилјана Белева: „Омајот на вселената“; 2005 - Мирко Зафировски: „Авантурите на Марко и Дамјан“; 2015 - Сања Михајловиќ Костадиновска: „517“; 2016 - Моника Трајковска: „На работ од времето“ (I дел од серијалот: „Наследството на Вероника“; 2016 - Методија Диневски: „Експеримент 51“; 2017 - Бранко Прља: „Апокалипса.мк“; 2018 - Бранко Прља: „Реплика.мк“; 2018 - Зоран Милошевски: „Сага за Тројство“; 2019 - Бранко Прља: „Воскресение.мк“; 2019 - Методија Диневски: „Временската енигма“ (Експеримент 51-II дел); 2019 - Даниел Бибовски: „Архангел – Ослободување на ѕверот“; 2019 - Зоран Милошевски: „Истапени сечила“ (I дел од серијалот „Последна граница“)

## 3. ЗА АВТОРОТ И ЗА РОМАНОТ

Романот „Архангел: ослободување на ѕверот“ (2019) е дебитантски роман на младиот автор Даниел Бибовски[1], во издание на „Арс Либрис“, дел од „Арс Ламина –

[1] Даниел Бибовски е роден на 3 јуни 1987 во Скопје. Средно образование завршил во ДСМУ „Панче Караѓозов“, отсек фармација, а дипломира на ПМФ – Скопје, отсек Информатика. Во моментов се занимава со информатика. Големата љубопитност и страст за знаење ќе го натераат уште од рана возраст да чита и истражува многу дисциплини од природните науки, но исто така и од филозофијата и психологијата. Како резултат на тоа пред десетина години се раѓа идејата за романот „Архангел:

публикации“. Илустрацијата на корицата ја нацрта илустраторот Оливер Коларевски. Вака авторот ја претставува својата дебитантска книга на одржаната промоција: Отсекогаш ме фасцинирало како напредокот на технологијата го менувал светот, особено во последнава деценија технологијата напредува експоненцијално, а тоа донесе и свои последици бидејќи еволуцијата на човечката биологија едноставно не може да држи чекор со неа. Па, наместо поголема поврзаност и слобода, многу почесто луѓето се чувствуваат заробени во еден невидлив кафез од конфузија, отуѓеност и осаменост. „Архангел – Ослободување на ѕверот“ е книга која во својата срцевина ја инкорпорира таа брза транзиција на светот, но со осврт токму на индивидуата и нејзината борба со најсуштинските недостатоци на тој свет. Со други зборови, борбата за ослободување од невидливиот кафез.

Се работи за роман од жанрот на научната фантастика и имајќи предвид дека овој жанр, колку што е популарен низ светот, не само последните години, туку многу години наназад, толку, пак, од нејасни причини кај нас е дефицитарен, кај нас многу малку имаме научно-фантастична книжевност, која може да биде интересна и за помладата и за повозрасната популација. Освен тоа, овој роман е повеќеслоен, сложен и роман кој може да се чита и толкува од повеќе аспекти, отвора прашања од разни видови, почнувајќи од самиот наслов кој е многу моќен и многу симболичен, па сè до комплексните ликови, приказната, светот, кој Даниел ни го прикажува и кој е исклучително богат и распространет во многу правци. Тоа, меѓу другото, ми беше и еден од првите коментари, читајќи го романот, во комуникација со самиот автор: толку богата имагинација има Даниел и тоа се одразило во пишувањето, тој создал свет кој ви нуди такви работи за кои никогаш не би помислиле дека постојат, дека можат да постојат – во светот кој ни го прикажува Даниел тие не само што постојат, туку и совршено функционираат. Во случајов не можеме, а да не се осврнеме на една од дефинициите на НФ која ни ја дава Жан-Батист Баронијан, кој смета дека круцијална карактеристика на научната фантастика е што: „таа не се интересира, меѓутоа, за светот онаков како што е, туку за светот каков што може да биде, каков што би требало да биде, таа бара да покаже една состојба на нашата мисла или на нашиот универзум во некој момент од неговата историја - во еден можен момент, веројатен, насетлив можеби, но никогаш актуелен“- беа зборовите на промоторката на романот Фросина Пармакоска.

---

ослободување ѕверот“, кој е првиот македонски роман во кој научната фантастика се базира на реална наука и реални истражувања.

Овој дебитантски роман на Бибовски ја раскажува приказната на тинејџерот Адам Деи, кој освен со пубертетот принуден е да се соочи и со комплицираната состојба во која живее – тектонското придвижување на целата цивилизација. По завршувањето на најразорната војна во историјата, човековата цивилизација одлучува да го реорганизира светот. Најголемото достигнување на здружениот труд е тест-населбата Архангел 2009, сместена на Антарктикот. Таму се вселуваат врвните умови од сите области: инженери, биолози, лекари, физичари, филозофи, па дури и уметници и за многу брзо време проблемите како глобално затоплување, загадување, глад, недостаток на вода за пиење драстично се намалуваат. И додека се чини дека планетата доживува преродба од секаков аспект, човековите слабости, како што се алчноста и потребата за надмоќ, сè уште демнат зад аголот како најголема опасност.[2] Доловувајќи ја многу успешно нашата сегашност со постојаната желба за воена надмоќ меѓу државите, која се закaнува и на денешната цивилизација, авторот и во романот остварува една успешна визија, застрашувачка визија за нашето општество разорено од трета светска војна. Спасот произлегол од „нова супер напредна технологија која тогаш првпат била употребена. Таа технологија и сега е на Архангел 2009, но се чува во строга тајност, нормално, за да не биде злоупотребена“ (Бибовски 2019: 57). Постоењето на толку напредна технологија го наметнува стравот од нејзина злоупотреба доколку дојде во погрешни раце. Па, затоа во периодот што претстои, деветнаесет години по крајот на војната, и седумнаесет години од основањето на Архангел 2009, општеството се ангажира да ја заштити/или да дојде до таа технологија, на секаков можен начин. И тука, неминовно се наметнува впечатокот дека таа напредна технологија е поврзана со квантниот компјутер кој е вграден во роботот Биви, најдобриот пријател на Адам.

## 4. ЛИТЕРАТУРНИ РАСКОПКИ

Зборувајќи за карактерот на НФ неизбежно се наметнува потребата да се укаже и на класификацијата на овој жанр. Факт е, дека постојат голем број на класификации на темите во научно-фантастичната литература, но ние во моментов ќе се задржиме на онаа која ја предлага Влада Урошевиќ:

[2] https://www.vecer.press, преземено на 23.11.2020

1. Утопија - еден замрзнат идеал

2. Игри со времето: ухронија и паралелни светови

3. Жед за слободен простор

4. Враќање назад: херојска фантазија

5. Есхатолошки теми: од крајот кон новиот почеток (Урошевиќ 1988: 161).

Имајќи ја во предвид претходнонаведената класификација, можеме да пројдеме кон литературно-критички осврт кон романот „Архангел – Ослободување на ѕверот“ од Даниел Бибовски.

Најпрвин, ако се осврнеме на тематската застапеност во романот, може да се констатира дека во него има елементи од сите претходно наведени теми.

Осврнувајќи се на посочената класификација, лесно можат да се издвојат утописките елементи во овој роман, почнувајќи од футуристички дизајнираните автомобили: „...неговиот црно-бел џип беше направен специјално за него и имаше многу неверојатни каракеристики. Можеше да се управува само со говор или само со автопилот, беше целосно непропустлив, па без проблем можеше да се движи под вода, а имаше и вградено мал плакар за алишта, мала машина за перење и автоматизиран систем за пеглање... Провери на ретровизорите и на борд –комјутерот да не го следи некој, па го изротира седиштето за сто осумдесет степени“ (Бибовски 2019:18), преку изгледот на самиот град: „Од обична зграда, стана огромна хала, петнаесет километри во дијаметар, а еден во висина. Но, вистински интересното беше внатре. Оваа огромна хала имаше облик на осмоаголна призма која во себе криеше совршено нормален град. Со високи стабилни згради, елегантно вклопени патишта, паркови, болници, рекреативни центри, училишта и ресторани, сите на средина од овој петнаесеткилометарски објект и одлично заштитени од екстремениот студ надвор“ (Бибовски 2019: 26-27); потоа, преку бањите во домовите кои се еден вид на амбуланти, кои автоматски го следат здравјето на корисниците: „Во тој миг малиот монитор пред вратата во бањата почна да свири и од него се слушна автоматизиран глас: Адам Деи, концентрацијата на кортизол во вашата урина е поголема од нормалното. Ова се повторува многу често. Исто така, кожата ви е сува, имате подочници, а изгубивте половина килограм тежина за помалку од еден месец. Ви препорачувам повеќе спиење, повеќе рекреација, поздрава исхрана и помалку стрес... На Архангел бањите беа и мини-амбуланти, па секојпат кога се користеа, тие ги следеа параметрите на телото и ако регистрираа нешто алармантно веднаш информираа“ (Бибовски 2019: 35); преку рефлектирачкиот парк во кој Адам го вози ховербордот, и во кој заради безбедност постојат три вида на патишта, различно обоени според тоа за кого

се наменети: „Посебното кај него беше што можеше да си го менува релјефот. Претходно имаше облик на амазонска прашума, па на хавајска плажа, па на дел од Хималаите, па на пустина со оази и на што ли уште не. Последниот облик на паркот беше некое скандинавско езеро“ (Бибовски 2019: 38), а не треба да се заборави и контролираната клима. Друга загатната утопистична идеја во романот е преуредувањето на светот по разорната војна, кога човековото општество се организира во специфични човекови заедници: „Наместо во држави тој предложил светот да се организира во заедници од луѓе кои ќе имаат ист концепт за целокупниот начин на живеење, ќе имаат исти верувања, принципи и филозофија. Буквално заедници од сродни души. Така ќе биде превенирано кај луѓето да се натрупува товар од неисполнетост, анксиозност или депресија, кои со текот на времето сигурно ќе прераснат во некаков конфликт, прво внатре во личноста, а подоцна и надвор во општеството“ (Бибовски 2019: 58). Согледувајќи ги причините за најчестата човекова деструктивност, општеството се реорганизира на најдобар можен начин. Но, и таквите утопистички уредени заедници имаат свои недостатоци. Имено, и самиот Архангел 2009 не се населува со било кој, со обични луѓе. И за таму постојат критериуми тоа да бидат фамилијарни луѓе, со убав изглед. Токму на таков начин посвоителите на Адам успеале да станат жители на ова утописки замислено/уредено општество, посвојувајќи го Адам, чии родители се откажале од него. И во моментот кога успеале во намерата, добиваат и биолошка ќерка која воопшто не ги задоволува нивните естетски критериуми. И овде се открива сета промашеност на тој, навидум утописки систем во кој, живеејќи во комфор и целосна организираност и предодреденост на нештата, луѓето се оддалечиле еден од друг, особено врсниците на Адам од кои тој е крајно разочаран: „Имаше многу корисни работи на Ворлдбук, па дури и Адам имаше свој профил, но за повеќето негови врсници тоа беше само начин преку кој можеше лесно да се стане популарен....Сите од неговото училиште поминуваа многу време на Ворлдбук...“(Бибовски 2019: 36). Таквата прекрасна утопија, постепено се претвора во антиутопија, за која и нејзините жители стануваат свесни: „Сега дополнително ќе се стимулира дееволуција. Освен за енергија, сега луѓето нема да мора да се грижат ни за времето. Дополнителен комфор и дополнителен мотив да станат амеби...види ги во заедницата Конзола. По цели денови играат видеоигри, и дури со денови не излегуваат надвор. Струја никогаш нема да им снема, а сега нема да се грижат ни за силните грмотевици. Ќе играат додека не сраснат со гарнитурите, Одвратно.“ (Бибовски 2019: 228)

Утопијата, Јеремеј Јудович Парнов го објаснува потеклото на зборот *утопија*, а потоа и на утопистичката литература: „на грчки јазик, утопија значи „место кое го нема“, а тоа е прифатено и како наслов на литературно дело кое содржи имагинарна слика на општеството во иднината.

Утопискиот концепт е застапен и врз организацијата на човековите заедници на Земјата. На патувањето кое го презема Адам, со цел да го заштити неговиот верен продружник/ријател-роботот Биви, а што продира веќе во темата од НФ позната како *жед за слободен простор,* тие двајцата ќе преземат авантуристичко патување на Земјата. Всушност, на ова патување, Адам се враќа на местото од кое и самиот потекнува, планетата Земја. Адам потекнува од градот Лион, во Франција, но сега одново ја запознава родната Земја. Нивното патување во многу нешта посетува на посетата на Малиот принц на Антоан де Сент Егзипери. Патописот од разните краеви низ светот, кој се распостила пред нас, ја потенцира убавината на Земјата, но истовремено го открива и карактерот на нејзините жители. Она што ќе го осознаат Адам и Биви е дека животот на преостанатите жители на Земјата (оние кои не биле подобни за Архангел 2009), е организиран во човечки заедници, всушност експериментални заедници, организирани и именувани токму според животот во нив. На пример, жителите во Адреналин се желни за забава и авантури и таму за првпат Адам ќе се воодушеви од убавините на земјата: „Го виде копното. Зелено и убаво, со една тенка линија одвоено од океанот.... Просто не му се веруваше каде е. Цела минута ја допираше тревата.Колку е само убава, колку е инспиративна“ (Бибовски 2019: 109); потоа, жителите на заедницата именувана како Медитација се посветени на одмор и релаксација, жителите на некои заедници се воинствени, некои се технолошки напредни, итн... Единствено жителите на заедницата Терафили се оние низ чии сфаќања прозвучува гласот на разумот. Животот на оваа заедница е најпримитивен во однос на останатите, но токму таму, од девојчето Кианиа Адам ќе слушне длабоко вистинити зборови за суштината на човековото живеење: „Види, знам дека на некој како тебе, кој е од Големото Бум, ние му изгледаме примитивни дури прости. Тоа често ни се случува и не ни очекуваме да нè сфатиш. Но, сети се на нас кога твојот софистициран свет ќе стане премногу комплициран. Тогаш ќе ти стане јасно што е вистински важно. Какви и технологии да имате, никогаш не можете да ги замените примитивните едноставни работи како поврзаноста со луѓето, со браќата, со сестрите и пријателите, со родителите“ (Бибовски 2019: 145). Всушност, ако се разгледаат патувањата на Адам низ сите краишта на земјата, неизбежно се наметнува асоцијацијата со патувањата на Малиот принц на Егзипери, кон од патувањата по шесте

планети се здобива со искуства, но и сознанија за жителите на тие планети, како што Адам осознава дека има места на Земјата на кои е нераскинлива врската на луѓето со земјата, места на кои слободно можеш да се послужиш на пазарот со што сакаш без да платиш, или пак, да платиш во валутата наречена солинзи, со која се изразува чувството на среќа.

Покрај напреднатите технологии и во голема мера полесниот начин на живот, на Адам не му е воопшто лесно од повеќе причини. Главната причина е соочувањето со болната вистина дека неговите вистински родители го оставиле, а не знае на што точно се должела нивната одлука, потоа е принуден секојдневно да се соочува со Белардови и нивните каприци. Од задушување на неговата слободна волја, правото на избор до полнење на неговата глава со измислици поврзани со неговите вистински родители…Адам покрај сè се труди да го следи својот сон и да ја негува љубовта кон технологијата и роботиката посетувајќи го институтот каде што ќе го создаде роботизираниот пријател со квантен компјутер.[3]

Ова патување до Земјата кое го презема Адам е за да го спаси својот робот Биви од расклопување, зашто по него трага научникот Данагер, кој во случајот е оној познат „луд научник“ од НФ. Имено, Биви е квантен компјутер кој може да ја открие тајната за постојаното уривање на зградите Тесла, поради што Данагер сака да дојде до него, за да не се обелодени неговиот неуспех. И во таа борба на доброто и злото, како во некоја класична сказна, на страната на доброто, во улога на помошници на Адам се јавуваат и добри луѓе, како научникот Коб, кој постојано е во улога на негов советодавец и помошник.

Присуството на Биви, пак, ја открива темата на роботот во романот на Бибовски. Секако, сонот за создавање на човек од метал постои мошне одамна: уште во приказната за Дедал се зборува за хиновскиот човек од метал, Талос, дело на критскиот градител и пронаоѓач, кој трипати дневно го обиколувал островот чувајќи го од напаѓачи. Влада Урошевиќ потенцира дека овие послушни и вредни слуги кои ќе ги вршат поситните работи без одлагање и мрморење се среќаваат во прозата кон крајот на XIX и почетокот на XX век. Името и однесувањето потекнуваат од чешкиот писател Карел Чапек, кој со тоа име означил метални копии на човек кои истовремено се една прекрасна машина и

[3] https://krajbrezjenadvasprotivnisveta.com/2020/04/04/dali-dzverot-kje-bide-konechno-osloboden-arhangel-osloboduvanje-na-dzverot-od-daniel-bibovski/ , преземено на 03.12.2020

еден модерен и сигурен начин да се повтори откритието на Франкенштајн. ... Според Урошевиќ, „роботите се евтина работна сила, за своето одржување не бараат големи трошоци, послушни се, вредни, дисциплинирани. Поседуваат силно развиена интелигенција, но немаат никаков емотивен живот, во нив не се всадени можности за доживување на етички дилеми. Сепак, благодарејќи на некои усовршувања што ќе бидат применети над поновите генерации на овие суштества, тие ќе се здобијат со чувство за правда и неправда, за солидарност, па дури и со способност да мразат и со желба да господарат. Резултат на тоа е нивната побуна: тие загосподаруваат со светот, уништувајќи го претходно човештвото... Роботот на Адам е насликан во крајно позитивна улога: како помошник, заштитник, како превозно средство, а пред сè –како пријател. Со самиот факт што Биви е управуван и контролиран од Адам говори за вербата на авторот во надмоќта на човекот над вештачката интелигенција, иако опасноста од нејзин бунт доколку попадне во погрешни раце, не е исклучена. Овој робот кој лесно може да се преобрзи во диносаурус и змеј говори за инкорпорираноста на темата херојска фантазија/враќање назад, кои се теми, исто така карактеристични за НФ. Изработката на роботи во облик на митски суштества ја потврдува големата поврзаност на научната фантастика и митот во овој роман на Даниел Бибовски.

Анри Гуго смета дека темите на научната фантастика, всушност се „подмладени митови"....Понатаму, тој ги поврзува митовите за искачувањето кон небото со космичките летови. Во првите се крие желбата да се дојде до врвното знаење, а во вторите - желбата за истражување на меѓугалактичките простори" (Урошевиќ 1988: 129). Во тие космички бродови, нивните патници често се наоѓаат заспани, во состојба на анабиоза. Во таква состојба остануваат сè додека не дојдат до програмираната планета, каде треба да го посеат новиот живот. Од катаклизмите најчесто се спасува една или неколку човечки двојки кои треба да ја продолжат цивилизацијата од која доаѓаат на нова, попогодна планета. Анри Гуго ова го доведува во врска со ковчегот на Ное кој ги спасува избраните луѓе и животни на својот ковчег од Потопот: „...авторите на делата на научната фантастика го повторуваат со сликата на својот космички брод што лута низ пространствата на вселената, симболот на неопходноста на пренесувањето на зародокот на животната енергија од еден циклус на планетарно постоење во друг" (Урошевиќ 1988:130). Тој нов живот најчесто треба да го сочуваат и посеат избрани луѓе кои се одликуваат со својата убавина, но и интелигенција. Људмила Стојанова, зборувајки за поврзаноста на сказната и митот, како корени на научната фантастика (Стојанова 1989: 60-62) истакнува дека „митот и научната фантастика имаат мноштво заеднички

елементи, првенствено на космогониски план. Таа го истакнува и сознајниот елемент кој се содржи во нив, а наоѓа израз во социјално-психолошката функција - за нивната ориентираност кон задоволување на некаква внатрешна потреба на свеста со фантастични структури и поетски хипотези да ги надополнува научно неразјаснетите природни феномени. Другата сличност е и во тоа што за митот е типична грижата за колективната судбина на племето - на пример, добивањето на огнот, или основање на една племенска заедница и нејзиниот опстанок во борбата со непријателот. Социјалната ширина на проблематиката, третирана во научната фантастика секогаш ја надминува судбината на единката и се однесува на човештвото како целина: агресивната туѓа цивилизација, бездушниот вештачки ум кој се оттргнал од човековата контрола, или сеопштата атомска војна, го загрозуваат понатамошниот живот на планетата; техничкиот напредок кој станува цел за себе ја руши поетската хармонија меѓу човекот и природата, го отуѓува од неа; научното откритие кое дошло во погрешни раце се заканува да ја прекине социјалната еволуција и да ја врати назад целокупната човекова историја... Наоѓајќи израз од слични критични ситуации, аналогно на хероите од митот, јунаците на научната фантастика израснуваат во доброчинители на целото човештво“ (Стојанова 1989: 62). Од митологијата потекнуваат некои од најчестите теми во научната фантастика. Една од нив е онаа за *цикличното уништување и обновување на Космосот*. „Убедувањето дека не само вчера, не само денес, туку дури и во најдалечната иднина се повторувале, се повторуваат и ќе се повторуваат исти ситуации произлезени од непроменливиот однос на човекот кон самиот себеси, кон својата заедница и кон универзумот што го опкружува - а тоа убедување стои во основата на секое вклопување во митските облици на чувствувањето и толкувањето на светот - зборува за блискоста на авторите на делата на научната фантастика до една концепција на времето што му е присушта на митот“ (Урошевиќ 1988: 126). Во тој контекст, треба да се истакне дека една од најчестите теми е есхатолошката, т.е. онаа за апокалипсата на планетата, и нејзиното повторно ревитализирање и оживување. „Различните апокалипси и повторните започнувања на кругот на животот врз опустошената Земја, толкупати обработувани во делата на научната фантастика се само еден од можните примери за сфаќањето на цикличноста на времето“. Во романот на Бибовски, врската на НФ со митот (митолошката матрица) ја согледуваме во фактот дека светот еднаш веќе се соочил со ужасите на третата светска војна и поучени од искуството, луѓето на Земјата се обиделе да ги минимализираат идните вакви опасности, така што го создале Архангел 2009 кој ја крие тајната за моќното оружје и кој е населен само со одбрани луѓе.

Поврзаноста, пак, на НФ и чудесното/сказновидното ја согледуваме на повеќе места во романот. Најпрвин, треба да се укаже на тврдењата на неколку истакнати теоретичари на научната фантастика. Роже Кајоа (во есејот *Фантастична слика*) гледа малку разлики меѓу научната фантастика и чудесното. За него делата на научната фантастика се еден вид модерни бајки во кои чудесноста само добива нови облици, префрлувајќи се во други светови што овојпат се поместени во просторот отаде нашата планета“ (Кајоа 1972).Треба да се спомне и кажувањето на Жан Гатењо: „Место да се интересира за техничките откритија сами по себе или пак, (...), за последиците на тие откритија врз човекот - социјалното животно, „новата“ научна фантастика се интересира за самиот човек, во случаите кога тој ја променил планетата, значи, неизбежно, со самото тоа и менталитетот и личноста“ (Урошевиќ 1988:121). Оттаму, од длабочините на потсвеста, ќе излезат суштествата кои некогаш ѝ припаѓале на колективната имагинација и ќе ги населат одново страниците на научната фантастика. Така, во делата од овој жанр ќе се појават суштества што сме ги среќавале само во бајките... Но не се во прашање само суштества од бајките кои сега се јавуваат во еден друг, малку изменет декор; во прашање е враќање кон самата слобода на имагинацијата, на имагинацијата која сега се однесува како при создавањето бајки - користејќи ги можностите на чудесното низ една далеку поспонтана (...) ориентирана постапка“ (Урошевиќ 1988: 121-122). Зборувајќи, пак, за сродноста и поврзаноста на научната фантастика и сказната Бранимир Бошњак најпрвин укажува на нивните разлики. Имено, зборувајќи за сказната вели: „Во својата суштина таа се потпирала еден свет на ирационалните сили кој помалку или повеќе се повторувал. Тие ирационални сили биле претставени во ликовите на самовилите, џуџињата, змејовите и разни индивидуи кои поседуваат вонземски и нечовечки можности и способности (Бошњак 1978: 1109-1110). Се разбира дека не треба да се занемари фактот што роботот-пријател на Адам, Биви е токму змеј, но и диносаурус во еден момент, иако има особини типични за една машина. Александар Прокопиев зборува и за сличностите меѓу главниот протагонист на сказната и научно-фантастичната литература: „Противникот, што во сказната е суштество со нагласена магиска сила, во (...) научно-фантастичните приказни често се преобразува во модерен зол волшебник - научник, или во компјутер, исто така моќен, речиси непобедлив, во сезнаен злосторник, кој ја изневерил првобитната цел - да им помага на луѓето, и станал нивни непријател. Главниот јунак, најчесто хендикепиран како бунтовник е поединец во борба не само против злото, туку и против етичката ерозија на големите корпорации, што се единствено обземени од заработувачката. Како и во сказната, и во оваа книжевност, јунакот, од

почетна жртва, постепено и сигурно се издигнува до конечен победник. Победата е поизразита зашто (јунакот- Ј.Д.) е осамен човек. ...Но, водејќи ја својата горда истрага (потрага-Ј.Д.) се здобива и со помошници, кои, како и во сказната, често ја олицетворуваат запоставената сила на природата. Тие, понекогаш, особено во научната фантастика, се и своевидни учители, надарени со пара-моќи, кои, низ испити на зрелоста, им ги откриваат на ученикот... Во овие случаи, магијата станува залога на човековата можност да ја победи машината. Во ликот на вселенскиот истражувач, искуството на човекот е преведено во метафора за постоењето и неминовното дејствување на правдата. Но, уште поизразено од исходот во сказната, победата на доброто во научно-фантастичната приказна не е нагласено поради јакнење на моралот на читателот.... ^итателот навлегувајќи во научно-фантастичната приказна, како порано слушателот во сказната, се вживува во улогата на добриот јунак во неговата борба против злото и со нетрпение ја очекува разврската, но во сета таа внесеност ја користи сопствената способност да си игра, да фантазира.... Истиот авантуристички дух ја проникнува и научно-фантастичната приказна“. Роже Кајоа (Кајоа 1972:737), разгледувајќи го соодносот меѓу сказните, фантастиката и научната-фантастика, констатира дека постои еден квантум на теми кои научната-фантастика ги преземе од сказната, чудесното. Меѓу нив тој ги спомнува оние кои се служат со податоците од психолошките науки: *телепатијата, спиритизмот, кревање на предмети со силата на духот, еманирање на слики од страна на медиуми, предупредувачки соништа*... Људмила Стојанова истакнува дека „понекогаш живеејќи меѓу странците (во туѓ вселенски брод, на туѓа планета) Земјаните стекнуваат способности кои се непознати на Земјата - телепатија, левитација, невидливост...Вештините со кои се здобиваат Земјаните во туѓиот свет потсетуваат на волшебните вештини на јунакот од оној посебен вид на сказни кои ги нарекуваме „волшебни“ (Стојанова 1989). Овде повторно се согледува врската меѓи научната-фантастика и чудесното. Роже Кајоа зборува и за сите оние суштества од научната-фантастика кои поседуваат пси-моќи, особено *пренесување на мислите на далечина*. Жерар Кордес во својот текст „Научната фантастика и митот“вели дека „бранот на пси-моќи потцртува дека научната фантастика е водена од желбата, желбата за сознание и семоќ, од револтот против тиранијата на реалноста“ (Cordese 1977). Понатаму, меѓу сите тие пси-моќи, Влада Урошевиќ централно место и дава на *телепатијата,* која како и другите слични својства „има улога да ја прошири границата на можното на овој вид книжевност на имагинарното во кој постојано се бараат начини за надминување на веќе замисленото. Тој потенцира дека во некои случаи, телепатијата се налага сама по себе

како начин на комуникација - особено кога треба, во случајот на *прв контакт* да го реши навистина извонредно тешко решливото прашање на разбирањето меѓу жителите на две планети кои првпат се среќаваат" (Урошевиќ 1988:119-120). И токму овде можеме да о препознаеме/класифицираме и романот „Архангел" на Даниел Бибовски, зашто во романот се помнува зародишот на една нова наука 3-ФИ, спој на психологија, филозофија и физика, со чија помош можат да се читаат и контролираат мислите на луѓето. Интересен е фактот што Адам пројавува голем талент за оваа наука, испробувајќи се на неколкумина, за да му биде и понудено понатаму да се школува во училите за 3-ФИ мастери. Се разбира, овде ни се наметнува ликот на Хари Потер од серијалот на Џоан К.Роулинг, зашто и таму имавме пред нас едно сираче, кое е угнетувано во семејството во кое живее и од кое на некој начин е посвоено, едно младо момче кое копнее по многу работи кои не му се дозволени, за разлика од биолошкото дете на посвоителите, на кое му угодуваат во сè. Таквото момче (и кај Бибовски и кај Роулинг) поседува натприродни моќи за кои отпрвин не е свесно, има учител – помошник, и се разбира мора да појде во училиште во кое ќе ги доусоврши своите (волшебнички) моќи: „Со 3-ФИ ќе научиш да ги сфаќаш и насочуваш сопствените емоции. Но, не само тоа. Како напредуваш, речиси сите работи околу тебе ќе можеш да ги менуваш како што ти сакаш" (Бибовски 2019: 48); „ Тука има толку многу аспекти, толку многу вештини, што ако ги усовршиш, ќе имаш способности како на вистински волшебник" (Бибовски 2019: 124). Овде треба да се спомнат и чудесните очила (како волшебните предмети од сказните) со кои можат да се следат емоциите кај луѓето кои се набљудуваат. Неизоставно кога се говори за поврзаноста на овој НФ роман со чудесното/сказновидното, треба да се спомнат и волшебните очила од Ртот на Добрата надеж, каде и Адам зема учество во потрагата по бараниот мистериозен (волшебен предмет), во случајот златното јајце, а светот кој таму, со помош на волшебните очила ќе го открие има и своја скриена страна: „Во истиот момент, пред него се покажа нов свет. Обликот на зградите и куќите беше уште истиот, но околу нив сега се јазеа високи бршлени и огромни дрвја со широки крошни, а во крошните ги имаше најоткачените куќички кои тој некогаш ги видел. Освен тоа каде и да се свртеше гледаше елфови, лепрекони, џинови, еднорози и самовили. Очилата дури пуштаа пријатна музика од мандолина и флејта, која беше во совршен склад со волшебниот свет. За момент ги извади очилата и волшебниот свет исчезна" (Бибовски 2019: 114). Всушност, очилата на жителите на оваа земја исполнета со позитивни луѓе желни за авантура, како да им нудела една проширена реалност, како да им ја надоместувала фантазијата, која на сите нас ни е толку потребна.

ЗАКЛУЧОК

Од литературната анализа на романот „Архангел: ослободување на ѕверот“ од Даниел Бибовски, можеше да се заклучи дека се работи за еден интересен, современ научно-фантастичен роман за деца, а особено за млади, и тоа од повеќе причини. Прво, главниот лик е адолесцент кој во најбурниот период од својот живот, притиснат од турбуленциите во општеството и заканата која се надвиснува над него, а особено од притисоците и омаловажувањата кои ги трпи од семејството на неговите посвоители, зашто се обидуваат да го задушат неговото право на слободен избор за својата идна професија, е принуден да се оддалечи од својот дом, како јунаците на сказната. Како придвижувач на таа акција-оддалечување од домот се јавува и една повисока цел, да се спаси компјутерот кој е негово дело, а кој определени структури сакаат за го злоупотребат за свои цели за да се затскрие вистината за неколку катастрофални уривања на згради. На тој начин, младиот Адам, се јавува во улога на спасител на човештвото на Земјата. Истовремено, не треба да се занемари и фактот дека на тоа патување тој созрева и расте, па истото се доживува и како своевидна иницијација, како потрага во пронаоѓањето на својот идентитет, барање на одговори на прашањата: кој е, од каде, каде му се родителите, зошто го оставиле, итн...

На крај, мораме да си го поставиме и прашањето за насловот на романот, кој е невообичаен и привлекува внимание. Имено, зборот „архангел“ означува ангел од повисок ред. Вториот, пак, дел од насловот е „ослободување на ѕверот“. Овде би се осврнала на искажувањето на авторот за оваа метафора: „Романот неколкупати го смени своето име за време на процесот на пишување. Имаше многу варијанти кои беа интересни, но како ниедна да не ја доловуваше неговата поента доволно добро. И токму на денешниов ден го открив најсоодветното име. Архангел. Заштитник и предводник од највисок степен, прво на самиот себе, па на најблиските, а на крај, и на светот. Тоа не е некој кој сакаме да нè земе под своја закрила, туку тоа е некој кој самите ќе станеме ако успееме да ги извојуваме најважните победи во нашата душа. Ако го ослободиме ѕверот во нас.[4]

[4] Даниел Бибовски, https://www.facebook.com/daniel.bibovski.

## 5. ЛИТЕРАТУРА


1. Бибовски, Д. https://www.facebook.com/daniel.bibovski.
2. Бошњак, Б. Знанствено-фантастична књижевност, Књижевност, бр.7-8, Просвета, Београд, 1978.
3. Волнаровски, П. Научната фантастика: од тривијална книжевност до уметничка литература, Современост, Скопје, 1995.
4. Gerard Cordese, G. „*S. F. et mythe*“, Paris, 1977. (Spored V. Urошevиќ, *Demoni i galaksii*, Makedonska kniga, Skopje, 1988, str. 119)
5. https://krajbrezjenadvasprotivnisveta.com/2020/04/04/dali-dzverot-kje-bide-konechno-osloboden-arhangel-osloboduvanje-na-dzverot-od-daniel-bibovski/ , преземено на 03.12.2020
6. https://www.vecer.press, преземено на 23.11.2020
7. Kajoa, P. Од бајките до научната фантастика, Разгледи, Скопје, бр.7, 1972.
8. Nedeljković, A. *Granice SF žanra*, Novi Sad, avgust, 1987, str.83.
9. Пармакоска, Ф. https://blog.literatura.mk/2019/12/12/promoviran-arhangel-od-daniel-bibovski/ преземено на 23.11.2020
10. Стојанова, Људмила: *Бајка и мит - корени научне фантастике*, Српска фантастика, САНУ, Београд, 1989.
11. Теодосиевски, З. Фантастиката и научната фантастика во сликарството, Разгледи, Скопје, бр.1, 1989.
12. Урошевиќ, Влада: *Демони и галаксии*, Македонска книга, Скопје, 1988.



Jovanka D. DENKOVA


**A NEW SCIENCE FICTION NOVEL FOR YOUTH OR ABOUT LIBERATION OF THE BEAST IN US AS A NEW WAY TO SURVIVE**


Abstract: We are always happy when an author appears in the air of literature for children and youth, who turns to one, slightly deficient genre - science fiction. In this article we will refer to a newly published novel for children and youth in the Macedonian science fiction literature for children and youth. First, the basic postulates of science fiction as a genre will be determined, after which we will move on to the analysis of science fiction elements in the novel "Archangel: Liberation of the Beast" by the young Macedonian author Daniel Bibovski. We will try to answer the question of how much Bibovski adhered to the basic postulates of European and world science fiction, and what are the peculiarities of this novel. This will be realized by excerpting the relevant parts of the text of the novel and their analysis.



Keywords: science fiction, literature for children and youth, Daniel Bibovski.